Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 01-2985/1
24. 12. 2020 год. viti
Скопје-Shkup

**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје**
**во државна сопственост**
**Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup ne pronesi shteterore**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува на**
**31 декември 2019 и**

**Извештај на независниот ревизор**

**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје**
**во државна сопственост**

**Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup**
**ne pronesi shteterore**

## СОДРЖИНА


| | **Страна** |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1-3 |
| Извештај за сеопфатна добивка | 4 |
| Извештај за финансиска состојба | 5 |
| Извештај за промените во главнината | 6 |
| Извештај за паричните текови | 7 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 8-33 |

Ревизија Чулева

Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Северна Македонија

Тел: 02 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До сопственикот и раководството на**
**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје**
**во државна сопственост**
**Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup**
**ne pronesi shteterore**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup ne pronesi shteterore (во понатамошниот текст "Друштвото"), што се состојат од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември, 2019 година, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во дадените околности.

*Одговорност на ревизорот*
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сѐвкупното презентирање на финансиските извештаи.
Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*(Продолжува)*

Ревизија Чулева

Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Северна Македонија

Тел: 02 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До сопственикот и раководството на**
**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје**
**во државна сопственост**
**Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup**
**ne pronesi shteterore**
**(Продолжение)**

*Мислење*
Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup ne pronesi shteterore на ден 31 декември, 2019 година, како и финансискиот резултат, извештајот за промени на главнината и извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија.

*Обрнување на внимание*
Без да даваме квалификации, обрнуваме внимание на следното:

Како што е обелоденето во Белешка 2.14 кон финансиските извештаи, одобрените финансиски извештаи за 2019 година од страна на раководството на Друштвото биле предадени во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 15 март, 2020 година. Меѓутоа, врз основа на наодите и предложените корекции од страна на ревизорот, а во согласност со важечките сметководствени прописи, приложените финансиски извештаи се корегирани за идентификуваните ефекти во текот на ревизијата. Корегираните финансиски извештаи беа дополнително усвоени и предадени во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

*(Продолжува)*



Client focused, solution driven.

Ревизија Чулева

Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Северна Македонија

Тел: 02 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**До сопственикот и раководството на**
**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје**
**во државна сопственост**
**Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup**
**ne pronesi shteterore**
**(Продолжение)**

*Извештај за други правни и регулативни барања*

Раководството на Друштвото, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме за конзистентноста на годишната сметка и финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември, 2019. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи. Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup ne pronesi shteterore за годината што завршува на 31 декември, 2019.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**
**Соња Чулева**, *Управител*

**Соња Чулева**,*Овластен ревизор*

Скопје, 24 декември, 2020 година

**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје**
**во државна сопственост**

**Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup**
**ne pronesi shteterore**

**БИЛАНС НА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**Година што завршува на 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешки | За годината што завршува на 31 декември 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| ***Приходи*** | | | |
| Приходи од продажба | 3; 2.2; | - | - |
| Останати приходи | 4; 2.2; | 3 | 5 |
| | | **3** | **5** |
| ***Трошоци*** | | | |
| Материјали, резервни делови и исправка на вредност на ситен инвентар | 5; | (946) | (757) |
| Транспортни и други услуги | 6; | (2,690) | (2,570) |
| Депрецијација | 12; 2.5; | (1,188) | (627) |
| Трошоци за вработените | 7; 2.8; | (13,645) | (11,607) |
| Останати оперативни трошоци | 8; | (1,532) | (2,045) |
| | | **(20,001)** | **(17,606)** |
| **Финансиски приходи /(трошоци)-нето** | 9; 2.3; | **(576)** | **(4,496)** |
| **Загуба пред оданочување** | | **(20,574)** | **(22,097)** |
| Данок на добивка (непризнати расходи) | 10; 2.4; | - | - |
| **Загуба за годината** | | **(20,574)** | **(22,097)** |
| **Останата сеопфатна добивка /(загуба)** | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка /(загуба)** | | **(20,574)** | **(22,097)** |
| **Основна заработувачка по акција: Ден 0 /акција (2018:Ден 0 / акција)** | 11; | | |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Овие корегирани финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото:

**Бајрам Рецепи,**
**Извршен директор**

**Виолета Анѓелеска Спасова,**
**Раководител на Сектор за економско финансиски работи**

**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје**
**во државна сопственост**

**Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup**
**ne pronesi shteterore**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА**
**На 31 декември 2019**
**(Изразено во илјади Денари)**

| | | За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|---|
| | **Белешка** | **2019** | **2018** |
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Не-тековни средства** | | | |
| Материјални и нематеријални средства-нето | 12; 2.5; | **9,222,098** | **7,188,349** |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 13; 2.7; | 2,273,933 | 291,188 |
| Побарувања за платени аванси на добавувачи | 14; 2.9; | 134,977 | 493,436 |
| Останати побарувања | 15; 2.9 | 4,057 | 2,539 |
| | | **2,412,967** | **787,163** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **11,635,065** | **7,975,512** |
| **АКЦИОНЕРСКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **Акционерска главнина** | | | |
| Акционерски (државен) капитал | 21; | 503,372 | 453,372 |
| Законска резерва | 21; | - | - |
| Акумулирана загуба | 21; | (90,314) | (69,740) |
| | | **413,058** | **383,632** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Обврска за одложени приходи | 19; | 4,251,707 | 4,251,707 |
| Обврски за долгорочни заеми и кредити | 2.10: 20: | 6,252,267 | 2,815,319 |
| | | **10,503,974** | **7,067,026** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 16; | 429 | 4,032 |
| Останати обврски | 17; | 3,120 | 4,430 |
| Краткорочен дел на долгорочни заеми и кредити | 2.10:19 | 714,484 | 516,392 |
| | | **718,033** | **524,854** |
| **ВКУПНО СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **11,635,065** | **7,975,512** |

*Белешките кон финансиските извештаи*
*претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Овие корегирани финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото:

**Бајрам Рецепи,**
**Извршен директор**

**Виолета Анѓелеска Спасова,**
**Раководител на Сектор за економско финансиски работи**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА**
**Година што завршува на 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | Основна главнина | Законска резерва | Акумулирана (загуба) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2019** | **453,372** | **-** | **(69,740)** | **383,632** |
| Зголемување на основна главнина со VII-та емисија на акции | 50,000 | - | - | 50,000 |
| Загуба за годината | - | - | (20,574) | (20,5754 |
| Останата сеопфатна добивка /(загуба) | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2019** | **503,372** | **-** | **(90,314)** | **413,058** |
| **На 1 јануари 2018** | **93,382** | **-** | **(47,643)** | **45,739** |
| Зголемување на основна главнина со VI-та емисија на акции | 359,990 | - | - | 359,990 |
| Загуба за годината | - | - | (22,097) | (22,097) |
| Останата сеопфатна добивка /(загуба) | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2018** | **453,372** | **-** | **(69,740)** | **383,632** |

*Белешките кон финансиските извештаи*
*претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Овие корегирани финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото:

**Бајрам Рецепи,**
**Извршен директор**

**Виолета Анѓелеска Спасова,**
**Раководител на Сектор за економско финансиски работи**

**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје**
**во државна сопственост**

**Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup**
**ne pronesi shteterore**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**Година што завршува на 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | | За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|---|
| | **Белешки** | **2019** | **2018** |
| **Готовински прилив од оперативна активност** | | | |
| **Загуба пред оданочување** | | **(20,574)** | **(22,097)** |
| *Корегирана за:* | | | |
| Депрецијација и амортизација | | 1,188 | 627 |
| Отпис на материјални средства | | 631 | - |
| Финансиски приходи/расходи-нето | | 11,725 | 4,496 |
| (Зголемување)/намалување на побарувања од купувачи и други побарувања | | 356,947 | 221,813 |
| (Зголемување)/намалување на залихи | | - | - |
| (Намалување)/зголемување на обврски кон добавувачи и останати тековни обврски | | (4,913) | (21,133) |
| ***Нето годовина од оперативни активности*** | | ***345,004*** | ***183,706*** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на основни средства | | (1,816,346) | (774,916) |
| Прилив од продажба на основни средства | | - | - |
| Прилив од камати | | - | - |
| ***Нето готовина во инвестициони активности*** | | ***(1,816,346)*** | ***(774,916)*** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Прилив од донација од Влада на Република Македонија | | - | - |
| Прилив од зголемување на оснивачки капитал | | 50,000 | 359,990 |
| Прилив/ (одлив) од главнина на долгорочен кредит - нето | | 3,404,087 | 465,871 |
| ***Нето готовина од финансиски активности*** | | ***3,454,087*** | ***825,861*** |
| ***Нето зголемување на пари и парични еквиваленти*** | 13; 2.7; | ***1,982,745*** | ***234,651*** |
| ***Пари и парични еквиваленти на почеток на годината*** | 13; 2.7; | ***291,188*** | ***56,537*** |
| ***Пари и парични еквиваленти на крај на годината*** | 13; 2.7; | ***2,273,933*** | ***291,188*** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Овие корегирани финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото:

**Бајрам Реџепи,**
**Извршен директор**

**Виолета Анѓелеска Спасова,**
**Раководител на Сектор за економско финансиски работи**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2019**

## 1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЛНОСТ

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, Shoqeria Aksionare per ushtrimin e veprimtarive energjetike RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup ne pronesi shteterore (во понатамошниот текст "Друштвото") е акционерско друштво во државна сопственост, формирано во Скопје на 28 септември, 2010 година. Друштвото е регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија под ЕМБС бр.6664903.

Единствен основач и сопственик на Друштвото е Владата на Република Северна Македонија.

***Скратен назив***
МЕР АД Скопје

***Седиште***
Булевар Свети Климент Охридски бр.58-Б, Скопје

***Основна дејност на Друштвото***
49.50 – цевоводен транспорт

***Одбор на директори***
На 31 декември, 2019 година, Одборот на директори, како едностепен орган на управување го сочинуваат:

| Бр. | Име и презиме | Овластување во Одбор на директори (ОД) |
|---|---|---|
| 1. | Бајрам Реџепи | Извршен член |
| 2. | Дејан Цветаноски | Претседател на ОД, независен и неизвршен член |
| 3. | Марко Ѓоргиевски | Неизвршен член |

На 31 декември, 2019 година Друштвото има 25 вработени (2018: 23 вработени.)

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Друштвото ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со одредбите на членот 469, став 6 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на Република Македонија” бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 177/2008, 17/2009, 42/2010, 48/2010, 169/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2014, 119/2014, 120/2014, 187/2014, 38/2015, 41/2015, 138/2015, 192/2015, 06/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 и 239/2018) и Правилникот за водење сметководство (“Службен весник на Република Македонија” бр.159/2009.) Според овој Правилник, сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) од 2009 година утврдени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСБ.)

Финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски Денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

### 2.2 Признавање на приходите

Приходот се признава кога станува веројатно дека итни економски користи ќе влезат во Друштвото и овие користи можат да бидат соодветно измерени. Приходите од продажба се прикажуваат според фактурната вредност, нето од одобрените попусти и данокот на додадена вредност.

### 2.3 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Нето позитивни и негативни курсни разлики се вклучени во Извештајот за сѐопфатна добивка во периодот кога настанале.

Средствата и обврските кои гласат на странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Извештајот за финансиска позиција.

*(Продолжува)*

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.4 Данок на добивка

***Тековен данок на добивка***

Во согласност со измените во Законот за данок на добивка ("Службен весник на Република Македонија" бр.112/2014) и Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и начинот на одбегнување на двојно оданочување, што ќе се применува на годишната сметка и за 2019 година, данокот се плаќа на вкупната добивка остварена во Извештајот за сѐопфатна добивка, како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи, зголемени за непризнаени расходи и даночни ослободувања утврдени со Законот.

***Одложен данок на добивка***

Одложен данок на добивка се утврдува со примена на методот на обврски во извештајот за финансиска состојба за сите времени разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност во финансиските извештаи. Стапката на данок на добивка на денот на извештајот за финансиска состојба се употребува за утврдување на одложените даночни средства и обврски. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочиви времени разлики. Одложени даночни средства се признаваат за одбитните времени разлики и ефектите од даночните загуби се пренесуваат во обем во којшто постои веројатност дека ќе се оствари оданочива добивка со цел да се овозможи одбитните времени разлики и пренесените даночни загуби да бидат искористени.

*(Продолжува)*

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.5 Недвижности, постројки и опрема

***Иницијално признавање***
Трошокот на ставките на основните средства се состои од набавна вредност, вклучувајќи царини и даноци што не се одбиваат, по одбивање на дисконти и рабати и други трошоци кои директно се додаваат,односно го носат средството на локацијата и во кондиција потребна за да биде користено онака како што одлучило раководството.
Опремата и возилата се признаваат по набавна вредност која вклучува цена, даноци што не се одбиваат и други трошоци кои директно се припишуваат во доведување на средството на саканата локација и кондиција потребна за обавување на оперативните цели.

Книговодствената вредност на основните средства е предмет на разгледување за случај на оштетувања кога одредени настани или промени на околностите укажуваат дека книговодствената вредност не може да биде надоknaдена. Доколку постојат вакви индиции, односно сметководствената вредност го надминува проценетиот надоместувачки износ, на средствата им се намалува нивната вредност до нивниот надоместувачки износ.

Депрецијацијата се признава со примена на праволиниска стапка на амортизација за време на корисниот век на употреба на средството.

Во продолжение се дадени годишни стапки за депрецијација, применети на некои позначајни ставки од опремата:

| | |
|---|---|
| Опрема и мебел | 20 % |
| Компјутери | 25 % |

На материјалните вложувања во изградба, до моментот на ставање на истите во употреба, не се пресметува депрецијација.

*(Продолжува)*

## 2. *ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)*

### 2.5 *Недвижности, постројки и опрема (Продолжение)*

***Материјални средства во подготовка***

Материјалните средства во подготовка на Друштвото се однесуваат експлицитно на изградба на гасоводот за потреби на Републиката (Проект - Гасификација на Република Македонија-фаза 1-делница Штип-Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар)
Во согласност со МСС 16.17 и сметководствените политики на Друштвото, иницијално се признаваат: трошоците за подготовка на локацијата низ која се движи гасоводот, првични трошоци за испорака и манипулирање, ревидирани градежни ситуации, трошоци за инсталирање и монтирање, трошоци за тестирање (ревизија) на оперативна способност, надоместоци на професионалци и тн.

Друштвото врши капитализација на каматите поврзани со користење на долгорочен кредит добиен специјално за финансирање на градбата на гасоводот и други трошоци поврзани со изградбата, а предвидени со Договорот за заем. Капитализирањето на трошоците за позајмување и другите поврзани трошоци завршува во моментот кога средството (гасоводот) се става во употреба, што е во согласност со МСС 23.22-Трошоци за позајмување. Почетокот на капитализацијата на трошоците за позајмување како дел од набавната вредност на средството започнуваат кога се задоволени следните услови (МСС 23.17):

a) Издатоците за средството се настанати;
b) Трошоците на позајмување се настанати;
c) Друштвото превзема активности неопходни да се поготви средството за неговата наменета употреба.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.6 Залихи

Залихите на Друштвото се состојат од залиха на ситен инвентар која целосно се носи на исправка кога ситниот инвентар се става во употреба.

### 2.7 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари на денарска и девизна сметка, депозити по видување и пари во каса.

### 2.8 Испратнини за пензионирање, пензиски планови и технолошки вишок

Друштвото учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите, се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Не постојат дополнителни обврски во однос на пензиските планови.

Друштвото исто така исплаќа двократен износ од просечно исплатена нето плата во Република Северна Македонија како отпремнина во случај на заминување во старосна пензија. Друштвото нема резервирано средства за ваквите отпремнини бидејќи смета дека истите нема да имаат значаен ефект врз финансиските извештаи.

### 2.9 Побарувања од купувачи

Побарување од купувачи се водат по номинална вредност, намалена за соодветни исправки за проценети сомнителни износи.

*(Продолжува)*

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.10 Обврска за долгорочен заем и подзаем

***Договор за заем***

На 6 ноември 2015 година, во "Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2015 е објавен Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче Банка и Ерсте Банка по Договор за заем за финансирање на Проектот –Гасификација на Република Македонија-фаза 1-делница Штип-Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар. Врз основа на донесениот Закон за задолжување, Министерство за финансии на Република Македонија на 10.12.2015 година склучи Договор за заем бр.15-10888/10 со наведените банки. Овој Договор, покасно е дополнет со два анекси, кои се однесуваат на пролонгирање на рокот за повлекување на средствата од втората транша на заемот.

***Договор за подзаем***

Врз основа на наведениот Договор за заем, на 11.12.2015 година е склучен три партитен Договор за подзаем бр. 18926/1, и Анекс бр.1, арх.бр. 03-1869/1 од 05.12.2016 година во кој како заемодавач, координатор на Проектот и заемопримач-инвеститор, се јавуваат Министерството за финансии на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Друштвото.

***Износ / услови на подзаемот***

Износ: ЕУР 90.000.000 во денарска противвредност;
Рок на отплата: 7 години со 3 години грејс период;
Камата: 6 месечен EURIBOR + маргина 450 bps (Basis Points,) која се плаќа полугодишно;
Еднократна провизија : 1,5% од износот на подзаемот;
Камата на неповлечени средства: 2,47% на годишно ниво;
Датум на извршување на финансиските обврски: 10 јуни и 10 декември;
Начин на отплата: во 8 полугодишни рати почнувајќи од 10.06.2019 година до 10.12.2022 година;
Повлекување на средствата: во 7 транши со однапред предвидена динамика;
Посебна сметка: средствата од подзаемот се водат на посебна девизна сметка во НБРСМ.

Врз основ на Анекс 1 од Договорот за подзаем, извршено е дефинирање на финансиските обврски што произлегуваат од подзаемот а кои можат да се плаќаат од средствата на подзаемот: отплата на главнина, камати, еднократна провизија, провизија на неповлечени средства и други финансиски обврски, како и сите трошоци, казнени камати или провизии настанати како резултат на прекршување или неисполнување или ненавремено исполнување на обврските.

*(Продолжува)*

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.11 Поврзани субјекти

Однос со поврзани субјекти се јавува доколку едниот субјект демонстрира контрола врз другиот субјект или поседува исклучително влијание во одлуките за финансиските и оперативните одлуки на другиот субјект.

Трансакциите со поврзани субјекти претставуваат трансфери на средства или обврски помеѓу поврзаните субјекти, без разлика дали е вредноста платена.

Поврзани субјекти се сметаат дека се оние кои имаат значајна улога во донесување на финансиските и оперативните одлуки на Друштвото. Мнозинскиот, односно единствен сопственик на Друштвото е Владата на Република Северна Македонија која има значајно влијание врз Друштвото, а со тоа и моќ да го контролира работењето на Друштвото во целина.

*(Продолжува)*

